Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-5094/1
20.12.2024 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), донесувам

# РЕШЕНИЕ
## за свикување на 59- та седница на Советот на Општина Велес

Седницата ќе се одржи на ден 27.12.2024 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 09:00 часот.

-Усвојување на Записник од 58-ма седница на Советот на Општина Велес
За седницата го предлагам следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Буџет на Општина Велес за 2025 година.
2. Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.
3. Буџетски календар на Општина Велес за 2025 година.
4. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2025 година.
5. Предлог-одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2025 година.
6. Предлог-одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година.
7. Предлог-одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.
8. Предлог – Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес.
9. Предлог – решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Основен Статут на Општинското Основно Училиште „Васил Главинов" Велес.
10. Извештај за работа на ЈКП „Дервен" за период од I-IX месец 2024 година.
11. Предлог – одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во управен одбор на ЈКП „Дервен" Велес.
12. Предлог – изменување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.
13. Предлог – изменување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.
14. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор во ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес, претставник на Општина Велес.
15. Предлог – решение за именување на член на Училишен одбор во ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес, претставник на Општина Велес.

16. Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ“ 2024.
17. Наративен и финансиски извештај за реализација на делегираната надлежност од областа на културата – 57. Детски Рацинови средби.
18. Извештај – Елаборат за проценета штета од природна непогода – пожар што ја зафатија дел од територијата на Општина Велес на ден 18.07.2024 година.

Напоменуваме дека прилог кон точка 8 - Предлог - Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес ќе биде доставен дополнително.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Совет на Општината ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС